| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ/ ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање<br><br>Читање со разбирање | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува колку се, кој (и кога) зборува и како зборува (тивко, умерено или гласно).<br><br>Пронаоѓа зборови и реченица како одговор на прашања во врска со содржината на прочитан текст | 134 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Претходна подготовка на наставник*<br>Наставникот може да подготви соодветна шега со возраста на учениците со која ќе го започне часот за 1 април - Ден на шегата со цел да се предизвика весело расположение.<br>• Колку често се смеете?<br>• Што најчесто ве насмејува?<br>• Дали треба да се шегуваме само за Први април?<br>• На што треба да внимаваме кога се шегуваме?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Неколку ученици се насочуваат да измислат едно животно (домашно или диво) и да ги имитираат неговите движења, да користат ономатопеја( ав-ав, мјау, и-ја, кре-кре и сл.), а другите ученици да погодат за кое животно станува збор.<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на изразно читање на текст„Првоаприлска шега“ стр. 143.<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината преку која ќе ги идентификуваат ликовите:<br>• Колку ликови разговараат во текстот? Наброј ги!<br>• Каква маска ќе направел зајакот? Зошто?<br>• Што му рекол волкот на зајакот?<br>• Кое животно ќе биде суперакробат? | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Идентификува ликови во слушнат текст<br><br>Пронаоѓа зборови и реченици како одговор на прашања од содржина на текст.<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Со каква маска ќе се маскира мечката, а со каква нојот?<br>• Кое животно ќе биде режисер на карневалот на животните?<br>• Зошто слонот останал без маска?<br>Учениците следат насоки за читање на текстот по улоги<br>*Стави се во улога на секое животно и менувај го гласот при читањето на текстот:*<br>раскажувач, зајак, волк, мајмун, мечка, ној, лисица.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците треба да ги пронајдат и напишат речениците кои ги изговараат ликовите во текстот и да ги запишат во тетратката/учебникот(стр. 144)<br>Пр.<br>**Зајак – Јас ќе си направам маска на лав. Додека трае Денот на шегата и јас да живеам малку без страв!**<br>*Насоки за домашна работа*- Учениците се насочуваат да изработат маска од хартија за ликот кој треба да го драматизираат.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Говорење со разбирање | Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација. | 135 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Проверка на подготвеноста на учениците за драматизација на текстот – соодветни маски за изведување на драматизација.*<br>Се чита текстот по улоги со цел учениците да се потсетат на содржината.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се формираат групи од ученици кои ќе драматизираат: раскажувач, зајак, волк, мајмун, мечка, ној, лисица<br>Учениците следат насоки за драматизација :<br>• Обидете се да го замислите разговорот на животните;<br>• Ставете се во улога на соодветното животно и прилагодете го тонот, зборувајте со соодветна интонација и изведувајте движења со цел пореално да го претставите животното.<br>Учениците во групи изведуваат драматизација на текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се поведува дискусија за начинот на изведба и колку учениците се задоволни/не се задоволни од сопственото презентирање.<br>• Што ви се допадна во вашата изведба?<br>• Дали би подобрил/а нешто кога повторно би ја изведувала истата улога?<br>• Во која улога би сакал да бидеше следниот пат? | маски изработени од хартија<br><br>учебник | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Практична изведба-драматизација<br><br>Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни | 136 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот на табла запишува реченица со ракописни кирилични букви.<br>Учениците треба да ја препишат реченицата со ракописни латинични букви, но доколку наидат на букви кои не им се изучени треба да ги препишат со црвена боичка на кирилица.<br>*Жарко здогледа зелена жаба.*<br>*Жarko зdogleda зelena жaba*<br>Се откриваат новите ракописни букви.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви и поврзување на новите букви во зборови.<br><br>zelka, životno, ež, Žaneta, možebi, Žabeni, žolto, Zagreb, Zorica,... | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | латинични букви | | Учениците читаат реченици напишани со печатни кирилични букви. Добиваат насоки да го препишат со ракописни латинични букви.<br>Зоран има жолта блуза.<br>Жана носи зелени панталони.<br>Зајакот избега во грмушките.<br>На Зорица и е жешко.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои побрзо ќе завршат со активноста самостојно пишуваат зборови и реченици во кои се среќаваат новите букви.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Чита краток текст напишан со печатни латинични букви<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

<table>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td>
<td>За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик</td>
<td>137</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците во 2 колони се поставени пред таблата.<br>Треба да запишат збор во соодветната колона кој ја содржи буквата на почеток, средина или на крај на збор. Сите учениците треба да напишат по еден збор, а победува групата која ќе пронајде најмногу зборови.
<table><tr><th>Фф</th><th>Хх</th></tr><tr><td></td><td></td></tr><tr><td></td><td></td></tr></table>
• Дали ви беше лесно/тешко да пронајдите зборови со буквите Ф и Х?<br>• Дали често ги среќаваме во зборови?<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви.<br> <br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови.</td>
<td>постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо.</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со печатни латинични букви | | *Hristina, kafe, Fidan, Francija, hulahop, vozduh, duh, hrana, fen,…*<br>Учениците добиваат работен лист со текст кој ги содржи новите букви напишан со печатни латинични букви. Учениците го читаат, а потоа одговараат на прашања со целосни реченици-ракописино латниница.<br>**Hristijan Fione e Holanǵanec. Sekoe leto doaǵa na odmor vo Ohrid. Uživa vo ubavinite na Ohridskoto ezero, vkusnata hrana i čistiot vozduh**.<br>• Koj zivee vo Holandija?<br>• Sto pravi Hristijan sekoe leto?<br>• Vo sto uživa Hristijan?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се чита текстот и се проверува точноста на одговорите на учениците.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Чита краток текст напишан со печатни латинични букви<br><br>Домашна работа |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Го одредува главниот настан во текстот.<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 138 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Со учениците се поведува разговор за птиците кои ги има во нашите краишта:<br>- птици преселници<br>- птици кои останувaат кај нас во текот на зимата<br>• Зошто ластовицата, штркот и славејчето одлетуваат во есен во топлите краишта?<br>• Кој се грижи за птиците кои остануваат кај нас во зима?<br>• Како може секој од нас да им помогне на птиците?<br>(да поставиме кукичка за птици во нашиот двор, да чуваме изградено гнездо на ластовичка под стреата и сл).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст„ Солзите на златестото облаче“ стр. 122.<br>Одговараат на прашања поврзни со тема, место, време и ликови.<br>• За што се зборува во овој текст?<br>• Кога се случува дејството?<br>• Каде се случува дејството?<br>• Како се чувствувало златестото облаче на почетокот, а како на крајот од текстот? Зошто? | тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува главен настан во текст<br><br>Одредува време и место на настаните<br><br>Хронолошки ги подредува настаните<br><br>Извлекува порака од текст |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Кои чувства ги побуди овој текст кај тебе?<br>Читање на текстот од учениците и одредување на воведен, главен и завршен дел.<br>При читање на текстот ученикот кој чита усно го прераскажува делот.<br>Запишување на краток план за текстот<br>1. Тема<br>2. Време<br>3. Место<br>4. Содржина<br>а)<br>б)<br>в)<br>5. Порака<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат насоки да размислат како да го променат крајот на текстот и приказната да има среќен крај.(*насоки за следниот час)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови.<br><br>Твори нов текст со измена на определени деловина прочитан литературен текст | 139 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Два ученика по случаен избор ја прераскажуваат содржината на текстот„ Солзите на златестото облаче“. Еден ученик го прераскажува без промена на крајот, а друг ученик треба да го промени крајот по сопствена замисла и приказната да има среќен крај.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно следат насоки писмено да го прераскажат текстот со измена на крајот.<br>Како помош на таблата се истакнуваат и реченици или клучни зборови кои учениците може да ги користат како помош при прераскажувањето.<br>1. Прошетка на златестото облаче по небото.<br>2. Облачето ја поздравува пролетта.<br>3. Славејот пее најубава песна.<br>4. Опасен јастреб се упати кон славејчето.<br>Учениците ги пишуваат своите писмени состави и добиваат дополнителна помош при пишувањето.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на неколку готови писмени состави и насоки за подобрување.<br>Се поведува дискусија за новиот крај кој го пишувале и дали повеќе им се допаѓаат текстовите кога имат среќен крај.<br>**Рефлексија** | тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно и писмено прераскажува текст подаден план со свои зборови.<br><br>Твори нов текст со измена на крајот<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажу-вање, раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни (– Кате, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да допишам, Никола! / Никола ја замоли Кате да му ја даде книгата. Кате му | 140 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот повикува два ученици по случаен избор да разговаар помеѓу себе. Едниот поставува прашање, а другиот дава одговор.<br>(*Наставникот може диреkно да ги запишува на компјутер, а учениците да следат на табла преку проекор*)<br>Пр.<br>- Што и купи на Нина за роденден? – Марија ја праша Зорица.<br>- Книга за животните и чоколада. – одговори Марија.<br>Се читаат речениците и се насочуваат учениците да се искажат со свои зборови за разговорот на децата.<br>Пр.<br>Зорица ја прашала Марија што ѝ купила за роденден на Нина.<br>Марија одговорила дека ѝ купила книга за животните и чоколада.<br>- Која е разликата помеѓу речениците?<br>- Дали може да препознаете реченици каде има директен разговор помеѓу ликовите? | компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | рече да ја почека да допише.). | | - Кои интерпункциски знаци ги воочуваме во тие реченици?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците читаат краток текст во кој се воочува разговор помеѓу мајката и синот.(стр. 141) Учениците откриваат дирекно обраќање на мајката кон синот и обратно.<br>Се запознаваат со директен говор и индирекно преку расказни реченици го пренесуваат нивниот разговор.<br>Мајката му рече:„Погледни каков пејзаж насликав!“<br>„Не знаев дека толку убав пејзаж може да насликаш“, восхитено одговори Христијан.<br>Што му рекла мајакта на Христијан?<br>Мајката му рекла на Христјан да го погледни пејзажот што го насликала.<br>Што и одговорил Христијан на својата Мајка?<br>Христијан восхитено и одговориле дека не знаел колку убав пејзаж можела да наслика.<br>Учениците во работен лист преобликуваат реченици од директен во индиректен говор.<br>Претвараат расказни, прашални и извични реченици во индиректен говор. Пр. стр. 141<br>Марија ми рече: „Донеси ми ги очилата!“<br>• Марија ми рече да и ги донесам очилата<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Анализа на работнот лист. Се истакнува на таблата преку проектор со цел учениците самостојно да проверат дали парвилно ги претвориле речениците од директен во индиректен говор.<br>Следат насоки за коригирање доколку има потреба.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажување , раскажувањеи опишувањесо правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни (– Кате, дај ми ја книгата, те молам! –Почекај ме да допишам, Никола! / Никола ја замоли Кате да му ја даде книгата. Кате му рече да ја почека | 141 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците во парови читаат краток текст(басна) во која воочуваат разговор помеѓу ликовите.(*Предлог за басна- „Лисица и мечка“ стр.53 од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина*).<br>Преку прашања се насочуваат да ги пронајдат речениците во кои зборува секој од ликовите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Со учениците се повторува за директен говор и како од директен речениците се претвараат во индиректен говор.<br>Учениците во парови добиваат работен лист со 4 реченици кои треба да ги претварат од директен во индиректен говор(*Предлог од Вежбанка по македоснки јазик за трето одделение од Арс Ламина- стр. 16*)<br>1. Речениците трансформирај ги во индиректен говор.<br>а) „Те молам подај ми ја гумата“, му рече Милена на Андреј.<br>________________________________________<br>________________________________________<br>По завршување на активноста во пар, се истакнуваат речениците преку проектор на таблата и заедно со учениците се анализираат сите одговори.<br>Се воочува разликата, но се дава посебен акцент дека при индиректен говор се пренесуваат туѓите зборови со | компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Активно учество во равота во пар<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | да допише.). | | свои зборови без да се промени содржината.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Усна проверка за совладаноста на претварање на директен во индиректен говор.<br>Наставникот кажува реченица, а еден ученик треба да ја претвори во индиректен говор. Останатите ученици треба да се искажат дали ученикот правилно ја извршил задачата.На ист начин се проверуваат што поглем број ученици.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка, басна, драмски текст | 142 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Претходна подготовка на наставник<br>Слики на кои се претставени ликови и предмети од познати бајки и басни/подготвена презентација со слики. Учениците се искажуваат за ликовите и предметите кои ги препознаваат на сликите од познати бајки и басни. Учениците треба да направат поврзување на името на бајката/басната со соодветната слика.<br>Пр.   <br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен лист со насоки да прочитаат два текста: кратка бајка/извадок од бајка и басна.(стр. 62)<br>Откако ќе ги прочитаат двата текста треба да одговорат на барањата од работнот лист кои се однесуваат на содржината и на ликовите.<br>• Во кој вид литературно дело припаѓаат текстовите:<br>басна бајка расказ расказ песна драмски текст | слики од бајки и басни<br>проектор<br>компјутер<br>табла/бела<br>маркер/креда<br>работен лист<br>книга со бајки<br>книга со басни | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Прави разлика меѓу бајка и басна.<br>Ги зане карактеристиките на бајката<br>Ги знае карактеристиките на басната<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

- Текстот „Лисицата со подуениот стомак“ е __________________.
- Текстот „Принцезата и трите ангелчиња“ е ________________.
- Во кој од двата текста среќаваме волшебни ликови и предмети? __________________________

Означи со ✓ според карактеристиките на литературното дело.

| | бајка | басна |
|---|---|---|
| Куса форма на текст. | | |
| Се извлекува поука. | | |
| Има волшебни предмети, појави, суштества. | | |
| Се исмеваат негативни особини кај луѓето. | | |

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците преку дискусија заклучуваат дека во басните ликовите се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци, а бајките се текстови кои имаат фантастични ликови, предмети и непознати и таинствени места каде се одвиваат.

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна | Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери | 143 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку проектор следат два текста.<br>Се искажуваат дали во првиот текст(стр. 63- „Непотребно убедување“)воочуваат директен говор и како го откриваат без да го прочитаат текстот( издвоен дел со цртичка - тире).<br>• Дали може без да го прочитате текстот да откриете кои ликови разговараат во текстот?<br>По истите прашања се искажуваат и за вториот текст(„Болниот врабец“ – стр.63)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текстот „Непотребно убедување“ и се разговара за содржината низ прашања.<br>Се чита и драмскиот текст „ Болниот врабец“ , а за читање се избираат 3 ученици според ликовите кои се наведени во текстот.<br>Се поведува дискусија за да се запознаат учениците со карактеристиките на наративниот и драмскиот текст текст и да направат разлика помеѓу нив.<br>Воочуваат дека во него се раскажува за настан, случка, но ликовите не се изделени како во едночинката (драмскиот текст)<br>Наставникот дава појаснувања: | Учебник<br><br>Лист со драмски текст(за секој ученик) | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ја објаснува разликата меѓу драмски и наративен текст<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Раскажување има и во драмските текстови, во монолози и дијалози и тоа се вика нарација. А раскажувачот го викаме наратор. Авторот на текстот не смее да се изедначи со наратор, тој ја создал творбата, но го создал и нараторот(човек, животно, растение, инсект и сл*).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат лист со текст „Клубот на љубезноста“ *(Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина*)<br>Се искажуваат за видот на литературниот текс(драмски текст)<br>Се делат улогите на неколку ученици и се даваат насоки за читање на драмскиот текст:<br>Ликови: Тони (8 год.), Сара (8 год.), Боби (9 год.), Лили (9 год.), Иво (8 год.), наставничката Ана.<br>Сцена: За време на големиот одмор во училишниот двор<br>Драмско читање на текстот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик | 144 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>5 минутен диктат со изучените букви.<br>Наставникот диктира зборови, а учениците ги пишуваат со ракописни латинични букви во својата тетратка. Последните два зборови ќе содржат ракописни букви кои не им се изучени.<br>Учениците забележуваат (реагираат/прашуваат како се пишуваат) и ги запишуваат со печатни латинични букви.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви<br><br><br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови.<br>*Dzvonce, dzidar, džin, dzunica, Dzemile, Džengis, džudže, Nidže, Nedžmie, džip, džeb, džemper…*<br>Учениците добиваат работен лист во кој се напишани реченици со печатни латинични букви. Ги читаат рецениците, а потоа ги препишуваат со ракописна | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со ракописни латинични букви | | латиница.(*Предлог работен лист- Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр. 38*)<br>Прочитај ги речениците, а потоа препиши ги со ракописни латинични букви.<br>а) Baba mu na Džengis mu splete džemper.<br>________________________________________<br>б) Dzvonko e visok kako džin.<br>________________________________________<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои побрзо завршуваат тивко во себе го читаат текстот запишан со ракописни латинични букви.<br><br>Dževdad e dzidar. Toj izdzida visok dzid. Negoviot sosed Dzvonko dojde da mu pomogne. Zaedno rabotat pobrzo. Koga sednaa da veceraat. gordo gledaa vo dzidot. a dzvezdite svetkaa na neboto.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Чита краток текст напишан со печатни /ракописни<br>латинични букви<br>Решенија во работен лист |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик | 145 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците од зборовна кутија извлекуваат зборови напишани со ракописни латинични букви. Секој ученик извлекува по една картичка и со извлечениот збор усно кажува реченица.<br>Преку постер со ракописни латинични букви се открива кои букви се изучени и уште кои букви треба да ги обработат.<br>Откриваат дека останале последните букви – *Njnj, Ljlj i Š š*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви<br><br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови.<br>Зборовите се запишани на ракописна кирилица, а учениците ги пишуваат со ракописна латиница. | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>картички со зборови напишани на латиница<br><br>зборовна кутија<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со ракописни латинични букви | | Љ - *Љубица, љубов, љубезен, виљушка, љубомора...*<br>Њ - *бања, дења, молња, сукња, коњ, камења, тиња,Соња*<br>Ш - *Штип, шишарка, шнола, кош, шише, Шенол....*<br>Учениците се насочуваат со зборовите да состават неколку реченици.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на речениците од учениците и насоки за увежбување на сите букви во зборови и реченици (подготовка за проверка на совладаноста на латиничните букви за следниот час- стр.115)<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td><td>Пишува диктат со латинични печатни и ракописни букви<br><br>Зборови, реченици икус текст напишани со латинично писмо ги препишува користејќи кирилично писмо<br><br>Препишува зборови,реченици и кус текст напишани со латинично</td><td>146</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Преку постер се повторуваат сите ракописни букви од латиницата.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат насоки за пишување на зборови и реченици по дикатат со изучените букви.<br>1. Внимателно слушај и запиши ги следните зборови. (15 зборови)<br>kniga, zelnik, snegulka, Petar, Nikolina, Ljubljana, Hristijan…<br>2. Дадените реченици препиши ги со ракописни букви од латиницата.<br>Во шумата се слушаше песната на славејчето.<br>Тања прави вкусна пита со спанаќ.<br>Бојан отиде на одмор во Хрватска.<br><br>3. Речениците препиши ги со ракописни букви од кирилицата.<br>Lidija i Darko se najdobri rakometari.<br>Gulabot sleta na grankata.<br>Kade se moite novi patiki?<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Анализа на барањата.</td><td>постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>работен лист<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Решенија во работен лист</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | печатно и ракописно писмо | | Се истакнуваат точните реченија (преку компјутер) и учениците се самооценуваат колку ги имаат совладано латиничните букви.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува придавки во даден текст | 147 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците извлекуваат картичка со слика. Се искажуваат што имаат на сликата(топка, вазна, сонце, фустан, маса, цвеќе, домат...)<br>*Пр. На сликата има цвеќе.*<br>Следат насоки да ги обојат сликите или да доцраат и нешто друго. Потоа се искажуваат за сликите.<br>*Пр. На сликата има црвено цвеќе со зелени листови.*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се запознавање со придавките преку опис на предмет. Пример ТОПКА. Со бура на идеи наведуваат зборови за да ја опишат( голема/мала, гумена, кожена, мека, лесна, шарена, жолта, истушена, скината, нова...<br>Се изведува заклучок за придавки:<br>Зборовите со кои се дообјаснува именката се викаат придавки. Со нив ги опишуваме предметите, суштествата или тоа што го чувствуваме или замислуваме.<br>Придавките најлесно се пронаоѓаат со зборовите каков(молив), каква(торба), какво(маче), какви(чевли)<br>Учениците пишуваат реченици во кои применуваат придавки. Пр.<br>*Малото дете игра во широкиот двор.*<br>*Нина носи жолт фустан и црвени чевли.*<br>Учениците ги читат запишаните реченици и ги | картички со слики за боење<br><br>боички<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист<br><br>ДА- НЕ картички | Усни одговори напоставени прашања<br><br>Препознава придавки во текст<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Одговори на квиз<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | потцртуваат придавките во нив.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Квиз со ДА-НЕ картички**<br>Наставникот кажува збор и доколку е придавка учениците подигнуваат ДА картичка, а доколку е друг вид на збор учениците подигаат НЕ картичка.<br>Пр. шарено(ДА), ливада(НЕ)...<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви)</td><td>Идентификува придавки во даден текст</td><td>148</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се поделени во парови. Секој пар излегува пред таблата. Еден ученик од парот треба да каже придавка, а другиот да состави реченица со примена на истата. Потоа ги менуваат улогите.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Се презентира текстот „Веселко“ на табла преку проектор. Учениците го читаат текстот, а потоа во учебникот стр.146 треба да ги потцртаат именките со зелена и придавките со сина боја.<br><br>ВЕСЕЛКО<br>Си живееше едно малечко, весело дете во едно мало и далечно гратче. Тоа им помагаше на сите соседи, во тесната и збиена уличка на крајот од градот. Од рано утро, детето ги развеселуваше сите околу него и затоа сите го викаа – ВЕСЕЛКО. Детето беше секогаш весело, насмеано, трудољубиво и брзо. Тоа беше највеселото дете во тоа мало гратче. Убавото лице му беше насмеано, очите блескави, а усните широко отворени. Образчињата му беа како црвени, зрели јаболчиња.<br><br>Се проверува точноста на одговорите со потцртување на зборовите на табла од страна на учениците.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Учениците добиваат работен лист со цел да се проверат дали ги совладале придавките како збоорови:</td><td>табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>боички<br><br>работен лист</td><td>Усни одговори напоставени прашања<br><br>Препознава придавки во текст<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дополни ги речениците со соодветните придавки.<br>силен белиот интересна зелената висока кафеаво<br>а) Вчера дуваше ____________ ветар.<br>б) Баба ми раскажа ____________________ приказна.<br>в) На ___________________ трева децата играа фудбал.<br>г) Јана живее во ___________________ зграда.<br>д) ______________ снег се топеше од покривите на куќите.<br>ѓ) Рекс е _____________ куче кое сака да игра.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Креирање едноставни медиумски содржини | Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка | 149 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците следат кратко видео(англиски јазик) за 22 Април- Ден на планетата Земја(наставникот помага со објаснување )<br>https://www.youtube.com/watch?v=10Wa8RXb9Rw<br><br>Учениците се насочуваат да размислуваат и да одговараат на поставени прашања:<br>• Кој ја загадува планетата Земја?<br>• Како вид на отпад се фрла насекаде?<br>• Како може да се спречи загадувањето на водите?...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*(По претходен договор на часот може да биде поканет и родител/и кој ќе помага во активноста).* | табла/ креда/ маркер<br>проектор<br>компјутер<br>звучници<br>хартија во боја<br>колаж<br>слики/фотографии<br>таблети<br>мобилни телефони<br>наракивици<br>најлони | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Создава едноставна медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка.<br><br>Активно учество во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците разгледуват фотографии со креирани медиумски содржини составени од кус текст и фотографии за Денот на планетата Земја.<br><br>Учениците се делат во групи<br>1 гр. - Да направи снимка и фотографии за хигиената во училишнот двор и околината. Оваа група добива насоки заедно со наставник или родител да снима и фотографира места со кои ќе се покаже како треба/не треба да се однесуваме кон животната средина.<br>Учениците се подготвени и со нараквици и најлони за собирање на отпад кој ќе го забележат во просторот. Сите активности се фотографираат и снимаат.<br>2 гр. - Преку интеренет со наставник или родител пребарува информации за загадување на планетата и со краток текст од неколку реченици треба да искажат став зошто е важно да ја чуваме и штитиме планетата Земја.<br>3 група- Замислува и црта/бои лого на одделенито кое ке го користат како амблем за поттикнување на заштита на планетата Земја.<br><br>***Активностите од часот може да се изведат во корелација со активности по ликовно образование и да се довршат и во времето за продолжен престој.*** | боички<br>хамер<br>лепило<br>ножици | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секоја група го презентира сработеното пред другите<br>Прва група ги покажува фотографиите и видеата(наставникот може да ги превземе и преку проектор да се прикажуваат пред сите ученици).<br>Втора група се искажува за информациите и чита пет клучни реченици кои ќе се извлечат како порака за заштита на планетата Земја.<br>Трета група го презентира логото и се истакнува како постер .Околу него се истакнуваат и речениците од втората група. Може и фотографии (црно бели или во боја извадени преку печатар во училницата).<br>Постерот се фотографира и заедно со кратко видео од активностите се испраќа како медиумска порака до родителите.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драмски текст,<br>песна | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна<br>стих,<br>строфа,<br>рима<br><br>Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината | 150 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците по дадени насоки се искажуваат со еден збор за дадени поими претставени преку слика на таблата. Секој ученик избира за кој поим кажува збор и го запишува до сликата.<br> топло, жолто, грее...<br><br>ноќ, свети, ѕвезди...<br>солено, риби, кит, ајкула<br> висока, шуми, животни <br>Краток разговор за природните убавини во нашата земја.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат изразно читање на поетска творба „Убав свет“ стр. 127.<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината на песната:<br>• За какви убавини ни пее поетот во оваа песна?<br>• Колку строфи има во песната „Убав свет?“<br>• Колку вкупно стихови содржи песната? | слики<br><br>селотејп<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава карактеристики на поетска творба(стих, строфа, рима)<br><br>Определува поетски слики<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Дали секоја строфа има ист број стихови?<br>Учениците ја читаат песната и ги опишуваат поетските слики.<br>Заедно се составува план по предлог од учениците.<br>1. Месечината и Сонцето  го позлатуваат небото.<br>2. Убавината на морето, езерото и планината.<br>3. Прекрасни брези и борови.<br>4. Насмеаните деца го прават поубав светот.<br>Учениците  запишуваат во своите тетратки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците избираат строфа која најмногу им се допаѓа и ја илустрираат.<br>*Се даваат насоки за меморирање на песната за домашна работа.*<br>***Рефлексија***<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани солатинично писмо | Зборови, реченици икус текст напишани со кирилично писмо ги препишува користејќи латинично писмо | 151 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат работен лист во кој е запишана песната„ Мојот свет“, но со измешан редослед на строфите. Во празното квадратче треба да стават соодветен број според редоследот на строфите.<br>Се чита песната со цел да се провери дали точно се подредени строфите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се даваат насоки за внимателно препишување на песната со ракописни латинични букви.<br>Учениците правилно ја препишуваат песната во работниот лист.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците кои ќе завршат изразно ја рецитираат песната.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | учебник<br>работен лист<br>компјутер<br>проектор<br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br>Препишува песна со ракописни латинични букви<br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја настан, лик, време, место | Одредува тема на прочитан литературен текст<br><br>Ги одредува ликовите во литературен текст<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки. | 152 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br><br>Учениците одговараат на поставени прашања:<br>• Кој ни дава лекови кога сме болни?<br>• Дали и животните одат на лекар кога се болни?<br>• Можат ли да одат сами или за нив се грижат луѓето?<br>• Дали за дивите животни се грижат луѓето?<br>• Како се вика лекарот кај кого ги носиме нашите моленичиња кога се болни?<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело„ Доктор Офболи“<br>Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело и се запознаваат со биографските податоци за авторот на делото – Корнеј Чуковски.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се анализира содржината на лектирата:<br>Романот се состои од два дела со вкупно 30 глави:<br>Прв дел: Патување во мајмунската земја<br>Втор дел: Пента и морските пирати<br>Се дисутира за темата, местото, времето и ликовите и посебен акцент се става на расказите од првиот дел на | примерок од лектирата „Доктор Офболи<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема на прочитан литературен текст<br><br>Одредува ликови во литературен текст<br><br>Одредува време и место на настани во текстот<br><br>Ги подредува хронолошки настаните<br><br>Учество во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | книгата.<br>Учениците усно ја прераскажуваат содржината по насочени прашња.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците запишуваат план во тетратка или пополнуваат работен лист за прашања поврзани со првиот дел од книгата.<br>*Насоки за домашна задача: Да прераскажат еден расказ од првиот дел и да запишат што им се допадна најмногу во него.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | изведување заклучоци<br><br>Домашни задачи |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја настан, лик, време, место | Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 153 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Се прави кратка анализа на првиот дел од лектирата и се проверува подготвеноста на учениците за второт дел со кратки прашања:<br>• Како се вика вториот дел од романот?<br>• Кој е главниот настан во него?<br>• Кои ликови ќе ги сретеме?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците преку насочени прашања накратко го прераскажуваат вториот дел.<br>Се насочуваат да изберат ликови од расказите кои им оставиле впечаток(позитивен или негативен) и се запишуваат на таблата , а учениците во тетратката.<br>Се врши анализа на секој лик поединечно и се запишуваат неговите карактерни особини.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се извлекува заклучок за впечатоците кои им ги оставило лектирното дело:<br>• Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата?<br>• Кои се вашите омилени раскази, а кои омилени ликови?<br>• Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто? | примерок од лектирата „ Доктор Офболи“<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Опишува изглед на ликови во расказ<br><br>Опишува особини на ликови преку нивните постапки<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Која порака може да ја извлечиме од делото?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |